**20141474631**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 6 став (15) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ број 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12 и 187/13), министерот за финансии, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗАСТАПУВАЊЕ, ИДЕНТИФИКАЦИСКА КАРТИЧКА, КАКО И ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ЛИЦЕНЦИРАН ЗАСТАПНИК

Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на надоместоците за издавање на лиценца за вршење на застапување, идентификациска картичка, како и за полагање на стручен испит за лиценциран застапник, кои ги наплатува Царинската управа.

Член 2

(1) Висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на застапување изнесува 1.800,00 денари.

(2) Висината на надоместокот за издавање на идентификациска картичка изнесува 300,00 денари.

Член 3

Висината на надоместокот за полагање на стручен испит за лиценциран застапник изнесува 6.000,00 денари.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.20-29861/4
1 октомври 2014 година
Скопје

Министер за финансии,
**Зоран Ставрески**, с.р.